# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Spiriva® Respimat® / Спирива Респимат**
**2,5 микрограми/инхалација, раствор за инхалација**
*Tiotropium bromide*

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично. Не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некое несакано дејство стане сериозно или ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт (види дел 4).

**Упатството содржи:**

1. Што претставува лекот Spiriva Respimat и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го земете лекот Spiriva Respimat
3. Како се зема лекот Spiriva Respimat
4. Можни несакани дејства
5. Начин на чување
6. Дополнителни информации


## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА SPIRIVA RESPIMAT И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Лекот Spiriva Respimat помага во олеснување на дишењето кај луѓето со хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ) или астма. ХОББ е долготрајно белодробно заболување што предизвикува отежнато дишење и кашлица. Терминот ХОББ е поврзан со состојбите хроничен бронхитис и емфизем. Астма е долготрајна болест која се карактеризира со воспаление и стеснување на дишните патишта. Бидејќи ХОББ и астма се долготрајни заболувања, лекот Spiriva Respimat треба да се зема секој ден, а не само кога имате проблем со дишењето или со други симптоми. Кога се зема за лечење на астма лекот Spiriva Respimat треба да се користи како дополна на терапијата со таканаречените инхалациски кортикостероиди и бета-2 агонисти со долго дејство.

Лекот Spiriva Respimat е бронходилататор со долго дејство кој ги шири дишните патишта и го олеснува протокот на воздух во белите дробови. Редовната употреба на лекот Spiriva Respimat може да Ви помогне кога поради болеста кратко и плитко дишете, може да Ви помогне да го сведете на најмала мерка влијанието на болеста на секојдневниот живот. Секојдневната употреба на лекот Spiriva Respimat може да Ви помогне да го спречите ненадејното влошување на симптомите на хронична опструктивна болест на белите дробови (ХОББ) кои може да потраат неколку денови.

За коректно дозирање на лекот Spiriva Respimat Ве молиме видете дел 3. Како се зема лекот Spiriva Respimat и инструкциите како да се користи Respimat инхалаторот се наведени во ова упатство.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛЕКОТ SPIRIVA RESPIMAT

**Немојте да го земате лекот Spiriva Respimat:**
- Ако сте алергични (пречувствителни) на тиотропиум или на која било од помошните супстанции на овој лек (наведени во дел 6)

- Ако сте алергични (пречувствителни) на атропин или негови слични супстанции, пр. ипратропиум или окситропиум.

**Бидете посебно внимателни со Spiriva Respimat:**

Консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го употребите лекот Spiriva Respimat.

Консултирајте се со Вашиот лекар ако имате глауком на затворен агол, ако имате проблеми со простата или имате потешкотии со мокрењето.

Ако имате проблеми со бубрезите, Ве молиме да се консултирате со Вашиот лекар.

Кога го земате лекот Spiriva Respimat внимавајте спрејот да не ви дојде во контакт со очите. Ако дојде до тоа може да почувствувате болка во окото или непријатност, да ви биде замаглен видот, да гледате кругови околу светлина или слики во боја, проследени со црвенило во очите (што може да бидат знаци на акутен глауком на затворен агол). Симптомите во очите можат да бидат проследени со главоболка, мачнина или повраќање. Измијте ги очите со топла вода, престанете да користите тиотропиум бромид и веднаш консултирајте се со својот лекар.

Непосредните алергиски реакции како што се осип, отоци, чешање, свирење во градите или тешко дишење (гушење) може да се појават после примена на лекот Spiriva Respimat. Ако тоа се случи, веднаш советувајте се со Вашиот лекар.

Сувата уста, опишана при употреба на оваа терапија долгорочно може да доведе до појава на забен кариес. Поради тоа Ве молиме да обратите внимание на хигиената на устата.

Лекот Spiriva Respimat е индициран за терапија на одржување кај хронична опструктивна болест на белите дробови или астма. Не смее да се зема за терапија на ненадејни напади на губиток на здив или свирење во белите дробови. Вашиот лекар ќе Ви даде друг инхалатор ("лек за брзо олеснување на симптомите") за таа намена. Ве молиме да се придржувате кон упатствата кои сте ги добиле од Вашиот лекар.

Ако Ви е препишан лекот Spiriva Respimat за терапија на астма, треба да биде како дополна на терапијата со инхалациски кортикостероиди и бета-2-агонисти со долго дејство. Продолжете да ги користите инхалациските кортикостероиди како што Ви препишал Вашиот лекар, дури и ако се чувствувате подобро.

Ако сте имале инфаркт на миокардот во изминатите 6 месеци или било каков нестабилен или животно загрозувачки нарушен срцев ритам или тешка срцева слабост (инсуфициенција) во тек на изминатата година, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар. Ова е важно за донесување на одлука дали Spiriva Respimat е вистинскиот лек за Вас.

Лекот Spiriva Respimat не смее да се користи почесто од еднаш на ден.

Исто така, треба да го информирате Вашиот лекар ако чувствувате дека дишењето Ви се влошува.

Ако имате цистична фиброза, информирајте го Вашиот лекар бидејќи Spiriva Respimat може да ги влоши симптомите на цистична фиброза.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE СКОПЈЕ SHKUP

**Деца и адолесценти**
Лекот Spiriva Respimat не се препорачува на деца помали од 6 години.

**Земање на други лекови**
*Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*

Посебно е важно да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако сте земале или земате антихолинергични лекови, на пр. ипратропиум или окситропиум.

Не се забележани никакви интеракции кога лекот Spiriva Respimat се зема со други лекови за лечење на ХОББ и астма како што се други инхалатори за олеснување на симптомите на болеста (пр. салбутамол), метилксантини (пр. теофилин), антихистаминици, муколитици (пр. амброксол), модификатори на леукотриен (пр.монтелукаст), кромони, анти-IgE терапија (пр.омализумаб) и/или инхалациски или перорални кортикостероиди (пр. будесонид, преднизолон).

**Бременост и доење**
Ако сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или планирате бременост, консултирајте се со Вашиот лекар за совет, пред да го земете овој лек. Овој лек не смее да се зема освен ако не Ви го препишал Вашиот лекар.

**Влијание врз способноста за возење и ракување со машини**
Не се спроведени студии за утврдување на влијанието врз способноста за возење и ракување со машини. Во случај на вртоглавица или појава на замаглен вид, способноста за возење и ракување со машини може да биде намалена.

**Лекот Spiriva Respimat содржи бензалкониум хлорид**
Овој лек содржи 0, 0011 mg бензалкониум хлорид во секоја инхалација.
Бензалкониум хлорид може да предизвика свирење во градите и проблеми со дишењето (бронхоспазам), посебно ако имате астма.

## 3. КАКО СЕ ЗЕМА ЛЕКОТ SPIRIVA RESPIMAT

Секогаш употребувајте го лекот Spiriva Respimat точно така како што Ви објаснил Вашиот лекар. Ако не сте сигурни проверете со Вашиот лекар или фармацевт.

Лекот Spiriva Respimat се користи исклучително за инхалација.

Препорачана доза за пациенти на возраст од 6 години и повеќе:
Лекот Spiriva Respimat е ефикасен 24 часа, така што треба да го земате само **ЕДНАШ НА ДЕН**, ако е можно секогаш во исто време од денот. Секогаш треба да земате **ДВЕ ИНХАЛАЦИИ** (вдишувања).

Бидејќи ХОББ и астма се долготрајни болести, земајте го лекот Spiriva Respimat секој ден, а не само кога имате проблеми со дишењето. Не смеете да земате доза поголема од препорачаната.

Проверете дали правилно го користите својот Respimat инхалатор. Инструкциите како да го користите Respimat инхалаторот се дадени на крајот во ова упатство.

Лекот Spiriva Respimat не се препорачува за употреба кај деца помали од 6 години, поради недостаток на податоци за безбедноста и ефикасноста.

**Ако сте земале поголема доза од Spiriva Respimat отколку што треба**
Доколку сте земале повеќе од две вдишувања од лекот Spiriva Respimat веднаш обратете се кај својот лекар. Може да бидете изложени на поголем ризик од појава на несакани дејства како што се сува уста, констипација, проблеми со мокрењето, забрзано чукање на срцето или замаглен вид.

**Ако сте заборавиле да го земете Spiriva Respimat**
Ако сте заборавиле да ја земете својата дневна доза (ДВЕ инхалации еднаш на ден), не грижете се. Земете ја дозата штом ќе се сетите, но **никако не земајте двојна доза одеднаш**, ниту истиот ден. Потоа земете ја својата следна доза како што е вообичаено.

**Ако нагло прекинете да го земате Spiriva Respimat**
Пред да престанете со употреба на лекот Spiriva Respimat треба да се посоветувате со својот лекар или фармацевт. Ако престанете да го употребувате лекот Spiriva Respimat, знаците и симптомите на ХОББ и астма можат да се влошат.

Ако имате дополнителни прашања поврзани со употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови и Spiriva Respimat може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Проценката на несакани дејства е заснована на следните зачестености:
Многу чести несакани дејства (може да се јават кај повеќе од 1 на 10 пациенти кои го земаат лекот)
Чести несакани дејства (може да се јават кај најмногу 1 на 10 пациенти кои го земаат лекот)
Помалку чести несакани дејства (може да се јават кај најмногу 1 на 100 пациенти кои го земаат лекот)
Ретки несакани дејства (може да се јават кај најмногу 1 на 1000 пациенти кои го земаат лекот)
Многу ретки несакани дејства (може да се јават кај најмногу 1 на 10000 пациенти кои го земаат лекот)
Непознати: не може да се процени на основа на достапните податоци

Во продолжение на текстот се опишани несакани дејства забележани кај луѓе кои го употребуваат овој лек и се наведени по зачестеност како чести, помалку чести, ретки или непознати.

| **Несакани дејства** | **Зачестеност ХОББ** | **Зачестеност Астма** |
|---|---|---|
| Сува уста | Чести | Помалку чести |
| Засипнатост (дисфонија) | Помалку чести | Помалку чести |
| Кашлица | Помалку чести | Помалку чести |
| Главоболка | Помалку чести | Помалку чести |
| Воспаление на грлото (фарингитис) | Помалку чести | Помалку чести |
| Болно мокрење (дисурија) | Помалку чести | Непознати |
| Вртоглавица | Помалку чести | Помалку чести |
| Габична инфекција на усната празнина и грлото(орофарингеална кандидијаза) | Помалку чести | Помалку чести |
| Отежнато мокрење (ретенција на урина) | Помалку чести | Непознати |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА · СКОПЈЕ

| | | |
|---|---|---|
| Запек (констипација) | Помалку чести | Ретки |
| Осип | Помалку чести | Помалку чести |
| Чешање (пруритис) | Помалку чести | Ретки |
| Зголемени вредности на очниот притисок | Ретки | Непознати |
| Тешка алергиска реакција која доведува до отекување на устата и лицето или грлото (ангионеуротски едем) | Ретки | Ретки |
| Несоница (инсомнија) | Ретки | Помалку чести |
| Неправилни отчукувања на срцето (атријална фибрилација, суправентрикуларна тахикардија) | Ретки | Непознати |
| Чувство на срцебиење (палпитации) | Ретки | Помалку чести |
| Крварење од носот (епистакса) | Ретки | Ретки |
| Воспаление на јазикот (глоситис) | Ретки | Непознати |
| Забрзано чукање на срцето (тахикардија) | Ретки | Непознати |
| Стегање во градите пропратено со кашлица, свирење или отежнато дишење веднаш по инхалирање (бронхоспазам) | Ретки | Помалку чести |
| Отежнато голтање (дисфагија) | Ретки | Непознати |
| Појава на светли кругови или обоени слики придружени со црвенило на очите (глауком) | Ретки | Непознати |
| Замаглен вид | Ретки | Непознати |
| Воспаление на грлото (ларингитис) | Ретки | Непознати |
| Забен кариес | Ретки | Непознати |
| Воспаление на гингивите (гингивитис) | Ретки | Ретки |
| Уртикарија | Ретки | Ретки |
| Инфекции или улцерации по кожата | Ретки | Непознати |
| Сува кожа | Ретки | Непознати |
| Инфекција на уринарниот тракт | Ретки | Ретки |
| Печење во ждрелото (гастроезофагеален рефлукс) | Ретки | Непознати |
| Пречувствителност, вклучително и моментална реакција на пречувствителност | Непознати | Ретки |
| Воспаление на устата (стоматитис) | Непознати | Ретки |
| Губиток на телесни течности (дехидратација) | Непознати | Непознати |
| Воспаление на синуси (синузитис) | Непознати | Непознати |
| Блокада на цревата или отсуство на подвижност на цревата (интестинална опструкција, вклучително паралитички илеус) | Непознати | Непознати |
| Мачнина | Непознати | Непознати |
| Тешка алергиска реакција (анафилактичка реакција) | Непознати | Непознати |
| Оток на зглобовите | Непознати | Непознати |

Непосредните алергиски реакции како осип, уртикарија, оток на устата и лицето или нагло отежнато дишење (ангионевротски едем) или други реакции на пречувствителност (како што е ненадеен пад на крвниот притисок или вртоглавица) може да се јават индивидуално или како дел од тешка алергиска реакција (анафилактичка реакција) по употребата на лекот Spiriva Respimat.

Покрај тоа, како што често се случува со другите лекови кои се инхалираат, кај некои пациенти може да дојде до неочекувано стегање во градите, кашлица, свирење во градите или останување без воздух непосредно по инхалацијата (бронхоспазам).
Ако дојде до тоа, Ве молиме веднаш да се јавите кај Вашиот лекар.

Пријавување на несакани дејства
Пријавување на секое сомневање за несакано дејство после добивање на одобрение за ставање на готов лек во промет, е важно. Со тоа се овозможува континуирано следење на односот корист и ризик на лекот.
Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

## 5. НАЧИН НА ЧУВАЊЕ

Лекот да се чува на места недостапни за деца. Лекот Spiriva Respimat не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето и на патронот. Датумот на истекување на рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Да се чува на температура до 25°C.
Да не се замрзнува.

Рок на употреба после поставување на патронот во инхалаторот: 3 месеци (види Упатство за употреба).

Не фрлајте никакви лекови преку отпадни води или отпад од домаќинство. Прашајте го вашиот фармацевт како да фрлате лекови што повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат во заштитата на животната средина.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи лекот Spiriva Respimat**
Содржина на активни супстанции:
Активна супстанција е тиотропиум. Ослободената доза содржи 2,5 микрограми тиотропиум во една инхалација (2 инхалации претставуваат една доза од лекот) што одговара на 3,124 микрограми тиотропиум бромид монохидрат.
Ослободена доза е дозата која е достапна за пациентот по преминот низ додатокот за уста.

*Содржина на помошни супстанции:* Бензалкониум хлорид, динатриум едетат, прочистена вода, хлороводородна киселина 1M (за подесување на pH).

**Како изгледа лекот Spiriva Respimat и содржина на пакувањето**
Spiriva Respimat е бистар, безбоен раствор за инхалација, пакуван во 4,5 mL патрон од полиетилен/полипропилен со полипропиленски затворач и интегриран силиконски прстен за затворање.
Патронот е сместен во алуминиумски цилиндер. Патронот заедно со Respimat инхалаторот е спакуван во картонска кутија.

Надворешното пакување е сложлива картонска кутија која содржи 1 Respimat инхалатор и 1 патрон, што обезбедува 60 инхалации (вдишувања) (30 дози) и Упатство за пациентот.

**Носител на одобрението за ставање на лек во промет**
ЗЕГИН ДОО Скопје ул.Народен Фронт бр.5-3/1, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија.

**Производител**
Boehringer Ingelheim Pharma GmbH & Co.KG, Германија
Boehringer Ingelheim España SA Шпанија

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на одобрението за ставање на лек во промет**
11-591/1 од 10.01.2018

**Датум на последна ревизија на упатството за пациентот**

**Упатство за користење на инхалаторот**
Respimat е инхлатор кој генерира спреј за вдишување. Respimat е само за Вас. Еден патрон испушта повеќе дози.

Децата треба да го користат лекот Spiriva Respimat со помош на возрасно лице.

Прочитајте го ова Упатство, пред да почнете да го користите лекот Spiriva Respimat

Овој инхалатор се користи само ЕДНАШ НА ДЕН.
Во тек на секоја употреба, се земаат ДВЕ ИНХАЛАЦИИ.




- Ако лекот Spiriva Respimat не е користен подолго од 7 дена, ослободете една доза кон земјата.
- Ако лекот Spiriva Respimat не е користен подолго од 21 ден, повторете ги чекорите од 4 до 6 наведени во дел „Подготовка за прва употреба“, се додека не се појави облак. Потоа повторете ги чекорите од 4 до 6 уште три пати.
- Немојте да го допирате елементот за пробивање во внатрешноста на провидната основа.

**Начин на одржување на Respimat инхалаторот**

Чистете го додатокот за уста, вклучувајќи го и металниот дел во внатрешноста на додатокот за уста , со влажна крпа или марамче, најмалку еднаш неделно.
Помала промена на бојата на додатокот за уста не влијае на ефектот на Вашиот Respimat инхалатор.
Ако е потребно, избришете го и надворешниот дел од Вашиот Respimat инхалатор со влажна крпа.

**Кога да земете нов Spiriva Respimat инхалатор**




- Вашиот Spiriva Respimat инхалатор содржи 60 инхалации (30 терапевтски дози) ако се употребува во согласност со упатството (две инхалации/еднаш дневно).
- Индикаторот за доза покажува колку лек приближно останало.
- Кога индикаторот за доза ќе дојде до крај на црвениот дел на скалата, тогаш е потребно да земете нов рецепт, бидејќи од лекот Ви останало уште за околу 7 дена (14 инхалации).
- Кога индикаторот за доза ќе дојде до крај на црвено означениот дел на скалата, Spiriva Respimat инхалаторот автоматски се заклучува – ниедна доза не може повеќе да се ослободи. Во тој момент провидната основа не може повеќе да се врти.
- Spiriva Respimat мора да се отстрани после три месеци од кога е подготвен за прва употреба, дури и ако не е потполно искористен или не е воопшто користен.

**Подготовка за прва употреба**

| | |
|---|---|
| **1. Извлечете ја провидната основа**<br>• Држете го капачето затворено<br>• Притиснете го сигурносниот прекинувач, додека ја извлекувате провидната основа со другата рака |  |
| **2. Поставување на патронот**<br>• Вметнете го тесниот крај на патронот во инхалаторот<br>• Поставете го инхалаторот на цврста површина, притиснете го силно додека не кликне на местото<br>• Откако еднаш сте го поставиле патронот во инхалаторот, не смеете да го вадите |  |

**3. Вратете ја провидната основа на место**

- Вратете ја провидната основа на место, додека не кликне
- Немојте повеќе да ја извлекувате провидната основа




**4. Свртете**

- Капачето мора да биде затворено.
- Свртете ја провидната основа во правец на стрелката на етикетата додека не кликне (половина круг)




**5. Отворете**

- Отворете го капачето така што ќе биде целосно отворено




**6. Притиснете**

- Насочете го инхалаторот кон земјата
- Притиснете го копчето за ослободување на доза
- Затворете го капачето
- Повторете ги чекорите 4 - 6, додека не се појави облак
- **Откако ќе се појави облак**, повторете ги чекорите 4 - 6 уште три пати

Сега Вашиот инхалатор е подготвен за употреба. Овие чекори нема да влијаат на бројот на расположливи дози. После подготовката, Вашиот инхалатор ќе може да обезбеди 60 инхалации (30 терапевтски дози).



**Секојдневна употреба**

**СВРТЕТЕ**

- Капачето мора да биде затворено
- **СВРТЕТЕ** ја провидната основа во правец на стрелката на етикетата додека не кликне (половина круг)




**ОТВОРЕТЕ**

- **ОТВОРЕТЕ** го капачето така што ќе биде целосно отворено




**ПРИТИСНЕТЕ**

- Издишете полека и потполно
- Затворете ја устата околу додатокот за уста притоа внимавајте да не го покриете отворот за воздух. Насочете го инхалаторот кон задниот дел на грлото
- Додека полека и длабоко вдишувате на уста, **ПРИТИСНЕТЕ** го копчето за ослободување на доза и продолжете да вдишувате полека додека Ви е удобно
- Задржете го воздухот 10 секунди или колку Ви е удобно
- Повторете ги фазите **СВРТЕТЕ, ОТВОРЕТЕ, ПРИТИСНЕТЕ** за вкупно две инхалации
- Затворете го капачето до следна употреба на инхалаторот



**Одговори на чести прашања**

**Тешко е патронот да се постави доволно длабоко**

**Дали случајно ја свртевте провидната основа пред да го поставите патронот?** Отворете го капачето, притиснете го копчето за ослободување на доза, потоа поставете го патронот.
**Дали напред го поставивте поширокиот крај на патронот?** Поставете го прво потесниот крај на патронот.

**Не можам да го притиснам копчето за ослободување на доза**

**Дали ја свртевте провидната основа?** Ако не, свртете ја провидната основа со непрекинато свртување, додека не кликне (половина круг).
**Дали индикаторот за доза на Spiriva Respimat покажува нула на скалата?** Spiriva Respimat инхалаторот се заклучува после 60 инхалации (30 терапевтски дози). Подгответе го и користете го Вашиот нов Spiriva Respimat инхалатор.

**Не можам да ја свртам провидната основа**

**Дали веќе ја свртевте провидната основа?** Ако веќе ја свртевте провидната основа, следете ги чекорите "ОТВОРЕТЕ" и „ПРИТИСНЕТЕ" во делот "Секојдневна употреба" како би го добиле лекот.
**Дали индикаторот за доза на Spiriva Respimat покажува нула на скалата?** Spiriva Respimat инхалаторот се заклучува после 60 инхалации (30 терапевтски дози). Подгответе го и користете го Вашиот нов Spiriva Respimat инхалатор.

**Мојот Spiriva Respimat е потрошен пребрзо**
**Дали го користите Spiriva Respimat согласно упатството (две инхалации/еднаш на ден)?** Spiriva Respimat ќе трае 30 дена ако се земаат две инхалации еднаш на ден.
**Дали ја свртевте провидната основа пред да го поставите патронот?** Индикаторот за доза го брои секое свртување на провидната основа, без оглед дали патронот е поставен или не.
**Дали често го ослободувавте лекот во воздух како би провериле дали Spiriva Respimat работи?** Кога еднаш сте го подготвиле Spiriva Respimat за употреба и ако секојдневно го користите, повеќе не е потребно да ослободувате лек во воздух.
**Дали поставивте нов патрон во веќе користен Spiriva Respimat?** Секогаш поставувајте нов патрон во НОВ Spiriva Respimat.

**Мојот Spiriva Respimat автоматски испушта лек**

**Дали капачето беше отворено кога ја свртевте провидната основа?** Затворете го капачето, потоа свртете ја провидната основа.
**Дали го притиснавте копчето за ослободување на доза кога ја вртевте провидната основа?** Затворете го капачето така што копчето за ослободување на доза да биде покриено, потоа свртете ја провидната основа.
**Дали престанавте да ја вртите провидната основа пред да слушнете клик?** Свртете ја провидната основа со непрекинато движење, додека не кликне (половина круг).

**Мојот Spiriva Respimat не испушта лек**

**Дали поставивте патрон?** Ако не сте, поставете патрон .
**Дали ги повторивте чекорите СВРТЕТЕ, ОТВОРЕТЕ, ПРИТИСНЕТЕ помалку од три пати после поставување на патронот ?** Повторете ги чекорите СВРТЕТЕ, ОТВОРЕТЕ, ПРИТИСНЕТЕ три пати после поставување на патронот, како што е покажано во чекорите од 4 до 6 во дел "Подготовка за прва употреба".
**Дали индикаторот за доза покажува 0 на скалата на лекот Spiriva Respimat?** Ако индикаторот за доза покажува 0, сте го искористиле целиот лек и инхалаторот е заклучен.

Откако сте го подготвиле Spiriva Respimat, не ја вадете провидната основа и патронот. Секогаш поставувајте нов патрон во **НОВ** Spiriva Respimat.